# Експо на електрични возила ќе се одржи во петок во Скопје

*13 Sep, 2015*




## *Конференција за поголема електромобилност и Експо на електрични возила ќе се одржи на 18 септември 2015 година (петок) на Машинскиот факултет во Скопје*



Електромобилност Македонија, организација за електрични возила во Македонија, во рамки на глобалниот настан „Европска недела на мобилност" на 18 септември 2015 година (петок) на Машинскиот факултет во Скопје организира Конференција за поголема електромобилност и Експо на електрични возила.

Целта на настанот е да ги собере и да ги претстави на едно место најновите трендови во електромобилната индустрија достапни во Македонија, човечкиот креативен потенцијал и инженерско знаење и од друга страна да даде простор за отворање на дискусија за проблемите со загадувањето кои Македонија ја врбојуваат во врвот на светските листи.

„Нашето општество за жал сеуште нема системски одговор за овој горлив проблем. Во Европа наголемо се мобилизираат политичките субјекти, приватниот сектор и граѓанското општество преку специфични Договори за енергија и одржлив развој. Сметаме дека е време и овде кај нас да се отвораат прашањата за чекорите кон одржлива иднина на македонската економија и влијанието од неа врз животната средина. Неопходно е сите чинители од локални самоуправи, академија, влада, министерства, работодавачи и граѓански организации да оформат пристап за поставување и постигнување на цели поврзани со животната околина со краен исход премин кон одржлив енергетски систем", велат организаторите .